ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-827/13
26.09.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, а согласно Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно забавни манифестации и спортски натпревари, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 06.07.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРОЕКТИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат статусот, управувањето, изворите на приходи, намената на приходите, условите и критериумите за доделување на средствата и контролата на наменското трошење на средствата од Фондот за развој и проекти на Црвениот крст на Република Македонија (во натамошен текст – Фондот).

**Член 2**

Фондот нема својство на правно лице, а во правниот промет го застапува Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија.

**Член 3**

Фондот функционира како единствен Фонд за развој и проекти во организацијата на Црвениот крст на Република Македонија со посебна жиро-сметка.

**Член 4**

Финансиското и материјално работење на Фондот го води Службата за финансии и ревизија при Стручната служба на Црвениот крст на РМ.

## II. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФОНДОТ

**Член 5**

Со Фондот управува Управен одбор составен од претставници на раководната и управна структура на Националното друштво на сите нивоа.

Управниот одбор го сочинуваат претседател и 6 (шест) члена, претставници на Црвениот крст на Република Македонија, Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст (во натамошниот текст: ЦКРМ, ЦКГС и ООЦК).

Претседателот на Управниот одбор е од редовите на ЦКРМ.

Мандатот на членовите на одборот е 2 (две) години со можност за повторно именување но не повеќе од два мандата.

**Член 6**

Надлежности на Управниот одбор се:

- Распишува конкурс за аплицирање на проекти, најмалку еднаш во годината;

- Ги разгледува проектите и дава предлог до Раководниот одбор на ЦКРМ за нивно одобрување, во рамките на финансискиот план;
- Ја следи реализацијата на одобрените проекти и за истото го информира Раководниот одбор на ЦКРМ и Генералниот секретар;
- Предлага годишен план за работа на Фондот;
- Предлага годишен финансиски план за работа на Фондот;
- Предлага годишен извештај за работа на Фондот;
- Предлага годишен финансиски извештај за работа на Фондот;
- Се грижи за обезбедување извори на финансирање и безбедно работење со финансиските средства;
- Иницира постапка за враќање на средствата кои не се искористени.

За својата работа Управниот одбор е одговорен пред Генералниот секретар на ЦКРМ и Раководниот одбор на ЦКРМ.

**Член 7**

Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ:

- Донесува Одлука за формирање и именување на членови на Управен одбор на Фондот за развој и проекти;
- Донесува Одлука за отворање на посебна жиро-сметка на Фондот;
- Донесува Одлука за овластување на потписници на жиро-сметката на Фондот;
- Одлучува за потребите за доделување на средства на ЦКГС И ООЦК, по предлог на Управниот одбор на Фондот;
- Донесува годишен план за работа на Фондот;
- Донесува годишен финансиски план за работа на Фондот;
- Усвојува годишен извештај за работа на Фондот;
- Усвојува годишен финансиски извештај за работа на Фондот.

## III. ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ

**Член 8**

Извори на приходи на Фондот за развој и проекти се средствата во висина од 50% од вкупно собраните финансиски средства по основ на котизација и средствата предвидени во Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно забавни манифестации и спортски натпревари и средства обезбедени од други извори.

## IV. НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

**Член 9**

Средствата на Фондот се наменети за:

1. Развојни програми и проекти од Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, согласно Финансискиот план на Фондот, во висина од 90% од обезбедените средства.

2. Депонентно осигурување за работа на Фондот во висина од 10% од обезбедените средства.

**Член 10**

Генералниот секретар на ЦКРМ може да иницира постапка за враќање на средствата кои не се искористени.

**Член 11**

Средствата кои не се искористени во тековната година, се пренесуваат за користење во Финансискиот план за наредната година.

## V. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ

**Член 12**

ЦКГС и ООЦК можат да аплицираат за добивање на средства од Фондот со доставување на развојни програми и проекти, согласно распишаниот конкурс.

**Член 13**

Секоја ООЦК и ЦКГС може да аплицира за добивање на средства од Фондот, доколку ги исполнува следните услови:

1. Презема активности кои се во согласност со целите и задачите на Организацијата на Црвениот крст на РМ и не се штетни за угледот или активностите на Црвениот крст на РМ;
2. Редовно ги подмирува финансиските обврски спрема ЦКРМ, и врши правилна распределба на финансиски и материјални средства обезбедени од донатори;
3. Навремено ги извршува и информира за реализација на програмските активности, спроведува традиционални манифестации и активности утврдени со Законот и календарот на активности на Црвениот крст на РМ.
4. Ги почитува и остварува пренесените надлежности од страна на ЦКРМ на ООЦК и ЦКГС (пр. прва помош и др.);
5. Ги почитува договорите склучени помеѓу ЦКТМ и ЦКГС/ООЦК;
6. Постапува и реализира обврски од одлуки, заклучоци и други општи акти од ЦКРМ, како и реализира обврски дадени од Генералниот секретар на ЦКРМ за активности кои се организираат на државно ниво;
7. Навремено исполнува обврски по проекти, донирани од домашни и странски донатори;
8. Врши редовно ажурирање на информатичкиот систем;
9. Покажува позитивни резултати од извршената мониторинг и евалуација на ООЦК и ЦКГС.

**Член 14**

ЦКГС и ООЦК можат да аплицираат за добивање на средства од Фондот по пат на поднесување на соодветна апликација со проектна документација до Управниот одбор на Фондот заклучно со 31 јануари секоја календарска година. Во

предвид ќе бидат земени само проектните апликации кои во целост ги исполнуваат критериумите на Фондот и се подготвени согласно проектна документација донесена од страна на Фондот.

**Член 15**

ЦКГС и ООЦК можат да аплицираат за добивање на средства од Фондот, доколку програмите и проектите ги исполнуваат следните критериуми:

1. Програмите и проектите да бидат во развојна функција на Црвениот крст;
2. Програмите и проектите да бидат изготвени согласно барањата на донаторот, односно ЦКРМ;
3. Учество на ЦКГС/ООЦК во буџетот на проектот од 20%;
4. Одобрените средствата да се користат исклучиво за намената за која се доделуваат, согласно доставените програми и проекти;
5. Во случај на исполнување на исто рангирање на апликации предност при одобрувањето на проекти ќе имаат општинските организации кои немаат претходно користено средства од Фондот и кои според објективни критериуми, имаат најголема потреба од користење на средства;
6. Во случај на исполнување на исто рангирање на апликации ќе биде земена во предвид регионална урамнотеженост во однос на финансирањето на проекти во Националното друштво;
7. Нема да бидат земени во предвид барања на ЦККГС/ООЦК кои претходно не доставиле задоволителни извештаи за користење на средства од Фондот.

**Член 16**

Програмите и проектите кои ќе се финансираат од фондот може да бидат во следниве програмски области:

- Здравствено превентивна дејност
- Социјално хуманитарна дејност
- Дисеминација
- Организациски развој и Надградба на капацитети
- Младински активности
- Промоција на хумани вредности

Управниот одбор ги дефинира приоритетните области за финансирање за наредна година пред крајот на тековната година.

**Член 17**

Распределбата на финансиските средства за финансирање на проекти од Фондот за развој и проекти ќе се врши заклучно со 31 март секоја календарска година.

## VI. КОНТРОЛА НА НАМЕНСКО ТРОШЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА

**Член 18**

За добиените средства ЦКГС/ООЦК доставува до Фондот предлог проект и буџет, периодични извештаи (на барање на задолженото лице од Централната канцеларија на ЦКРМ), и финален наративен и финансиски извештај со пресметки на искористеноста на средствата во рок од 30 дена од завршувањето на проектот за кој се одобрени средствата.

**Член 19**

Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ, има право:

1. Да врши контрола на наменското трошење на одобрените средства во текот на реализацијата на активностите;
2. Да донесе одлука за враќање на одобрените средства, со затезна камата сметана од денот на добивањето на средствата на сметката на корисникот, во случај на ненаменско искористување на средствата;
3. Да иницира постапка за утврдување на одговорност кон одговорното лице од страна на корисникот на средствата, доколку утврди ненаменско искористување на средствата;
4. Да обезбеди транспарентност и јавност во реализацијата на програмите и проектите финансирани од Фондот.

## VII. НАДЗОР

**Член 20**

Надзор над работата на Фондот врши Комисијата за надзор на наменско трошење на средства добиени по основ на Законот за Црвен крст и Фондовите формирана од Раководниот одбор на ЦКРМ, чија надлежност е уредена во Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно - забавни манифестации и спортски натпревари.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во иста постапка, како и при негово донесување

**Член 22**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 23**

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за работа на Фондот за развој (бр. 02-353 од 12.04.2007 година).

Претседател
проф. д-р Ромел Велев